Врз основа на член 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014 и 10/2015), член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 03/02), како и член 1 од Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 21/2022), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# ИЗВЕШТАЈ

за остварено право на паричен надомест за новородено дете во
Општина Демир Хисар во 2024 година

Советот на Општина Демир Хисар во 2023 година донесе Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година.

Согласно Одлуката, утврден беше паричен надомест во висина од 9.500,00 денари за секое првородено дете, 10.000,00 за второродено дете и 10.500,00 ден за третородено и секое наредно родено дете.

Во изминатата 2024 година до Општина Демир Хисар беа доставени вкупно 42 барања за паричен надомест за новородено дете.

Во 2024 година исплатени беа 419.500,00 денари за 42 барања за паричен надомест за 43 новородени деца во 2024 година. Од тоа 218.500,00 денари исплатени се 23 барања за првородени деца, 180.000 денари исплатени се 18 барања за второродени деца и 21.000 денари исплатени се 2 барања за третородено дете.

Исплатен е и еден ваучер во вредност од 10.000 денари за првородено дете во 2024 година.

Исплатени се 9.500 денари за 1 барање за првородено дете од 2023 година.

Согласно наведеното во 2024 година исплатени се вкупно 439.000 денари.

Прегледот на новородени деца во 2024 година по пол и населени места е составен дел на овој извештај.

Бр. 08-_____/__
___.___.2025 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски

## Преглед
### на новородени деца по пол и населени места за 2024 година

| р.бр. | место | вкупно | машки | женски |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | | | |
| 2 | Базерник | | | |
| 3 | Бараково | 1 | | 1 |
| 4 | Белче | 1 | 1 | |
| 5 | Боиште | | | |
| 6 | Брезово | | | |
| 7 | Вардино | 1 | 1 | |
| 8 | Велмевци | | | |
| 9 | Вирово | | | |
| 10 | ГолемоИлино | | | |
| 11 | Граиште | | | |
| 12 | Демир Хисар | 18 | 13 | 5 |
| 13 | Доленци | | | |
| 14 | Единаковци | 2 | 1 | 1 |
| 15 | Жван | 2 | 1 | 1 |
| 16 | Железнец | | | |
| 17 | Журче | | | |
| 18 | Загориче | 1 | | 1 |
| 19 | Зашле | | | |
| 20 | Кочишта | | | |
| 21 | Кутретино | 1 | | 1 |
| 22 | Лесково | | | |
| 23 | МалоИлино | | | |
| 24 | Мренога | | | |
| 25 | НовоСело | | | |
| 26 | Обедник | | | |
| 27 | Прибилци | | | |
| 28 | Радово | | | |
| 29 | Ракитница | | | |
| 30 | Растојца | | | |
| 31 | Света | 2 | 1 | 1 |
| 32 | Сладуево | 1 | | 1 |
| 33 | Слепче | 4 | 3 | 1 |
| 34 | Слоештица | | | |
| 35 | Смилево | 1 | | 1 |
| 36 | Сопотница | 7 | 3 | 4 |
| 37 | Стругово | | | |
| 38 | Суводол | 1 | 1 | |
| 39 | Суво Грло | | | |
| 40 | Утово | | | |
| 41 | Церово | | | |
| Вкупно | | 43 | 25 | 18 |